# С Т А Т У Т

на Фармацевтската комора на Република Северна Македонија

## 1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Заради заштита и унапредување на стручноста и етичките должности и права, за подобрување на квалитетот на здравствената заштита, заштитата на интересите на својата професија, следење на односот на здравствените работници кон општеството и граѓаните, здравствените работници со високо образование од областа на фармацијата - дипломираните фармацевти, магистрите по фармација (во понатамошниот текст - фармацевти) во Република Северна Македонија се здружуваат во Фармацевтска комора на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Комора).

Член 2

Комората е самостојна, професионална организација на фармацевтите.

Комората е правно лице со права, обврски и одговорности кои се утврдени со Уставот, закони и со овој Статут.

Член 3

Името на Комората е: „Фармацевтска Комора на Република Северна Македонија“, скратено име: Фармацевтска комора на РСМ, и на албански јазик „Oda e Farmacistëve të Republikës së Maqedonisë së Veriut“ скратено име „Oda e Farmacistëve të RVM“, и на англиски јазик „Pharmaceutical chamber of Republic of North Macedonia“ скратено име „ Pharmaceutical chamber of RNM“.

Седиштето на Комората е во Скопје, на ул. 50 Дивизија број 34.

Комората има печат со тркалезна форма на кој е испишан текстот: Фармацевтска комора на Република Северна Македонија и на албански Oda e Farmacistëve të Republikës së Maqedonisë së Veriut , а на средината на печатот се наоѓа знакот на Комората (Ескулапов знак).

Штембилот на Комората е во правоаголна форма со текст Фармацевтска комора на Република Северна Македонија и на албански Oda e Farmacistëve të Republikës së Maqedonisë së Veriut и простор за деловоден број и датум.

Член 4

Членувањето во Комората е обврска и чест за сите фармацевти - државјани на Република Северна Македонија, како и за фармацевти - странски државјани.

Член 5

Членувањето во Комората може да биде и почесно и привремено.

За почесен член на Комората може да биде избран секој фармацевт, научен или просветен работник или друг граѓанин, како и странски државјанин кој научно придонел за развојот на фармацевтската дејност или здравствената заштита, воопшто.

Почесните членови на Комората ги избира Собранието на Комората на предлог на Извршниот одбор.

Привремен член на Комората може да биде дипломиран фармацевт-странски државјанин, кој заради едукација или привремено вработување, престојува во Република Северна Македонија, за времето за кое има одобрен престој од надлежен државен орган.

2. ДЕЈНОСТ, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА КОМОРАТА

Член 6

Основна дејност на Комората е:

- Континуиран професионален развој на фармацевтите за вршење на фармацевтската дејност;

- организирање и спроведување на пробна работа и полагање на стручен испит заради добивање на лиценца за работа;

- издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценци за работа;

- признавање на пробна работа и стручен испит поминат и положен во странство;

- утврдување облици, критериуми и постапка за континуиран професионален развој;

- постојано стручно усовршување на своите членови преку разни облици на континуирано образование на начин утврден со општ акт во согласност со закон;

- водење регистар на издадени, продолжени, обновени и одземени лиценци за работа ;

- водење регистар на фармацевти - членови на Комората;

- вршење надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници - фармацевти кои работат во нив;

- издавање публикации заради навремено и континуирано информирање на своите членови со актуелните состојби во фармацијата;

Цели и задачи на Комората се:

- застапување и заштитување на интересите на своите членови;

- рамноправно учествување заедно со државните органи, универзитетите и другите институции во активностите за обезбедување на соодветна положба и улога на фармацевтите во општеството;

- учествување во подготвувањето на законите и други прописи од областа на здравството на Република Северна Македонија и во утврдувањето стручни ставови за вршење на фармацевтската дејност;

- заштита на интересите на професијата;

- следење на работата на дипломираните фармацевти во поглед на почитување на начелата на фармацевтската етика, применување на стандарди и потребен квалитет во работата;

- грижа за одбрана на честа и независноста на фармацевтската професија;

- поттикнување на соработка меѓу своите членови и соработка со други сродни домашни и странски физички и правни лица;

- остварување и на други активности во согласност со законите, со овој Статут и други прописи.

3. ОРГАНИЗИРАЊЕ, ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМОРАТА И ПРЕТСТАВНИЦИТЕ ВО ОРГАНИТЕ

Член 7

За да се овозможи активна положба и улога на фармацевтите во остварувањето на дејноста, целите и задачите на Комората, нејзините членови се организираат врз територијален принцип - на територијални единици.

Член 8

Подрачјето на една територијална единица ги опфаќа членовите на подрачјето на една или повеќе општини заедно со населените места кои гравитираат кон нив.

Фармацевтите со живеалиште или престојувалиште на подрачјето на една територијална единица го сочинуваат членството на Комората од таа територијална единица.

Член 9

Територијална единица бр. 1 ги опфаќа членовите на подрачјето на: Куманово, Крива Паланка, Кратово, Пробиштип, Злетово, и други населени места околу нив.

Територијална единица бр. 2 ги опфаќа членовите на подрачјето на: Свети Николе, Штип, Кочани, Виница, Делчево и другите населени места околу нив.

Територијална единица бр. 3 го опфаќа членовите на подрачјето на: Валандово, Струмица, Берово, Пехчево, Радовиш и други општини и населени места околу нив.

Територијална единица бр. 4 ги опфаќа членовите на подрачјето на: Велес, Кавадарци, Неготино, Гевгелија, Богданци, Дојран и други општини и населени места околу нив.

Територијална единица бр. 5 ги опфаќа членовите на подрачјето на: Битола, Прилеп, Крушево, Демир Хисар, Ресен и други општини и населени места околу нив.

Територијална единица бр. 6 ги опфаќа членовите на подрачјето на: Охрид, Струга, Дебар, Вевчани и други општини и населени места околу нив.

Територијална единица бр. 7 ги опфаќа членовите на подрачјето на: Тетово, Гостивар, Кичево, Македонски Брод , Маврово – Ростуше и другите општини и населени места околу нив.

Територијална единица бр. 8 ги опфаќа членовите на подрачјето на: град Скопје, општините во негов состав и населените места околу нив.

Член 10

Членовите на Комората имаат права, обврски и одговорности кои се утврдени со закон, со овој Статут и други прописи.

Членовите на Комората ги остваруваат своите права непосредно и преку претставници од својата територијална единица во органите на Комората.

Член 11

Членовите на Комората имаат право и обврска:

активно да учествуваат во остварувањето на целите и задачите на Комората

- да даваат иницијативи, предлози за актуелни прашања од областа на фармацијата;
- да бидат избрани и да избираат и отповикуваат претставници од својата територијална единица во органите на Комората;
- да бидат информирани за работата на сите органи на Комората;
- да користат стручна и друга помош и услуги кои ги врши Комората во рамките на нејзините задачи;
- да учествуваат на семинари, конгреси, курсеви, стручни работилници и други облици на стручно усовршување, организирани од компетентни институции;
- да покренуваат иницијативи за донесување и за изградување на мислења и ставови во областа на здравствената заштита;
- да го почитуваат Статутот, општите акти и одлуките на Комората;
- совесно да ја вршат својата професионална дејност;

- да го чуваат угледот на професијата и да се придржуваат кон законот, Статутот и кодексот на професионални и етички норми;
- меѓусебните спорови, како и случаите на повреда на етичките норми да ги изнесуваат и решаваат пред Судот на честа на Комората;
- редовно да ја известуваат Комората за сите податоци релевантни за уредно водење на регистарот на фармацевтите;
- редовно да плаќаат членарина;
- други права и должности што се определени со овој Статут и со општите акти на Комората.

Член 12

Фармацевтот станува член на Комората со поднесување на пријава за упис во регистарот.

При зачленувањето во Комората фармацевтот е должен да се запознае со содржината на актите на Комората и истите да ги почитува.

Член 13

Членувањето во Комората престанува во следниве случаи:

- трајно одземање на лиценцата за работа;

- нередовно плаќање на членарината најмалку 12 последователни  месеци;

- по сопствено барање на член на Комората;

- смрт на член на Комората.

На фармацевтот, кому му престанало членството во Комората, му се дава исписница и должен е да ги подмири своите финансиски обврски кон Комората.

Фармацевтот на кој му престанало членството во Комората, во случите од алинеа 1 до 3 од став 1 на овој член, нема право да ги користи услугите на Комората.

Фармацевтот кому му престанало членувањето во Комората во случаите од став 1, алинеја 2 и 3 од овој член, може повторно да стане член на Комората ако ги намири финансиските обврски кон Комората.

Член 14

Со работата на Комората управуваат нејзините членови преку претставници од својата територијална единица во органите  на Комората.

Заради обезбедување на активна положба и улога на членството во работата на органите на Комората, како и заради навремено и соодветно консултирање на членството

во одлучувањето за сите прашања од надлежност на Комората, претставниците на членството на територијалните единици во органите  на Комората се должни:

- пред одржување на седница на органот каде што членуваат да разменат информации со членството по предложениот дневен ред;

- донесените одлуки, заклучоци, ставови на седниците на органите каде што членуваат редовно да ги пренесуваат на членството од својата територијална единица.

Член 15

Претставниците на членството во органите на Комората работат според насоките на членовите што ги избрале и пред нив се одговорни за својата работа.

4. ОРГАНИ НА КОМОРАТА

Член 16

Органи на Комората се: Собрание, претседател на Собранието, Извршен одбор, Надзорен одбор, претседател на Комората, Суд на честа, обвинител.

Во зависност од потребите за остварување на дејноста, целите и задачите на Комората, таа  може да има и други органи и тела.

При изборот на органите на Комората се применува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници во Република Северна Македонија.

Член 17

Колективните органи на Комората работат и одлучуваат на седници на начин утврден во овој статут.

Седниците се одржуваат со физичко присуство на членовите на органот или по електронски пат со користење на електронска пошта или достапни дигитални платформи кои поддржуваат двонасочна видео и аудио комуникација.

Седниците на органите на Комората може да се снимаат на соодветни медиуми согласно прописите заштита на личните податоци и се чуваат согласно прописите за архивско работење.

За начинот на одржување на седницата и снимањето на текот на седницата одлучува органот на Комората со мнозинство гласови од присутните.

Извршниот одбор на Комората донесува упатство со кое поблиску се регулира одржувањето на седници преку електронска пошта и дигитални платформи.

Одредбите на овој член се применуваат и во работата и одлучувањето на работните тела на Комората формирани согласно статутот.

4.1. Собрание

Член 18

Собранието е највисок орган на Комората.

Собранието го сочинуваат избрани претставници од нејзините членови.

Во Собранието на Комората по еден претставник именуваат фармацевтските факултети, Македонското фармацевтско друштво, Агенцијата за лекови на Република Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и други асоцијации на фармацевтите.

Собранието на Комората:

1. Донесува Статут и врши измени и дополнувања на Статутот;

2. Донесува годишна програма за работа и финансиски план и извештаи за нивно спроведување;

3. Одлучува за висината на членарината;

4. Именува и отповикува претседател на Комората, претседател на Собранието на Комората, членови на Извршниот одбор, членови на Надзорниот одбор, членови на Судот на честа и обвинител;

5. Го разгледува извештајот за завршната сметка од претходната година;

6. Донесува општи акти во согласност со Законот и Статуот;

7. Донесува заклучоци, утврдува ставови и дава мислења за прашања значајни за работата на Комората;

8. Одлучува за поврзување и соработка на Комората со други сродни организации во земјата и странство;

9. Одлучува за предвремено распуштање на Собранието,

10. Врши и други работи утврдени со закон или со акти на Комората.

Член 19

За вршење на одредени работи од својот делокруг, Собранието може да формира постојани и повремени работни тела.

Член 20

Собранието има претседател.

Претседателот на Собранието е негов член.

Во постапката за предлагање и избор на претседателот на Собранието, членовите на Комората особено ќе ги вреднуваат определбите и заложбите на кандидатот за:

1. Афирмација на фармацевтската професија;
2. Развој и модернизација на работењето на Комората;
3. Непристрасно и рамноправно претставување на интересите на одделните сегменти на фармацевтската дејност;
4. Зајакнување на регионалната соработка;
5. Унапредување на дејноста, целите и задачите на Комората;
6. Унапредување на организацијата и функционирањето на Комората;
7. Да има најмалку 10 години работно искуство во фармацијата.

Член 21

Собранието на Комората работи на седници.

Седницата на Собранието се свикува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Собранието го свикува претседателот на Собранието по сопствена иницијатива, на предлог на Извршниот одбор или на предлог на една третина од членовите на Собранието.

Претседателот на Собранието свикува седница најдоцна 30 дена од добивањето на предлогот од претходниот став, а доколку тоа не го стори, Собранието може да биде свикано од самите предлагачи.

Покана со предлог - дневен ред и материјали за седницата на Собранието се упатува до секој член најмалку 15 дена пред одржувањето на седницата, така што секој член да има најмалку 10 дена за (за нивно) презентирање пред членовите од својата територијална единица и заземање став по истите.

Со седницата раководи претседателот на Собранието.

Во случаи на спреченост на претседателот на Собранието, седница може да закаже и со неа да раководи член на Собранието, кој претходно ќе го определи претседателот, или ако тоа не е можно, ќе се определи претседавач од присутните членови на Собранието и тоа на самата седница.

Член 22

Собранието може да работи ако на седницата присуствуваат една третина од вкупниот број на членови.

Собранието одлучува полноважно со мнозинство на гласови од присутниот број на членови.

При донесување на Статутот и негови измени и дополнувања, донесување на одлука за распуштање на Собранието пред времето за кое е избрано, или во други случаи утврдени со овој Статут, Собранието одлучува со двотретинско мнозинство гласови.

Одлучувањето во Собранието се врши со јавно гласање, освен ако Собранието одлучи тоа да биде тајно.

Членовите на Извршниот одбор и именуваните претставници можат да присуствуваат и да учествуваат во работата на седниците на Собранието без право на одлучување.

Член 23

На седницата на Собранието се води записник.

Записникот го води лице овластено од претседателот на Собранието.

Записникот го потпишува записничарот и претседателот на Собранието или претседавачот и истиот се усвојува на наредната седница со мнозинство гласови од присутните членови.

4.2. Извршен одбор

Член 24

Извршниот одбор управува со работата на Комората во согласност со законот, Статутот и општите акти на Комората.

Член 25

Извршниот одбор има 11 члена.

Територијалните единици од 1 до 7 имаат по еден член - претставник, додека територијалната единица 8 има 3 члена - претставници во Извршниот одбор.

Претседателот на Комората , по функција е член на Извршниот одбор и негов претседател.

Членовите на Извршниот одбор се избираат од Собранието на Комората на предлог на територијалните единици.

За член на Извршниот одбор може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови:

- да ја познава дејноста, целите и задачите на Комората;

- да ја познава организацијата и функционирањето на Комората;
- да има работно искуство во фармацијата најмалку 5 години.

Членовите на Извршниот одбор се избираат за период од 4 години и можат да бидат повторно избрани најмногу уште еднаш.

Член 26

Извршниот одбор ги извршува следните задачи:

- му предлага на Собранието донесување на програма за работа и финансиски план;
- разгледува и донесува предлози на материјалите за седниците на Собранието;
- ја спроведува програмата за работа и финансискиот план и другите одлуки на Собранието и за тоа го известува Собранието;
- разгледува предлози на членовите за дејствување на Комората
- извршување на актите што ги донесува Собранието;
- утврдување на предлозите на актите што ги донесува Собранието;
- покренува иницијатива за донесување и измени на соодветни закони и други прописи;
- разгледува и зазема ставови за развојот на дејноста на Комората кои влијаат врз унапредувањето на работењето;
- обезбедува јавност од работењето на Комората;
- ги донесува и усвојува сите општи акти кои не се во надлежност на Собранието;
- поднесува извештај на Собранието за својата работа ;
- формира постојани или привремени работни тела за извршување на определени задачи;
- управува со средствата со кои располага Комората;
- усвојува завршна сметка за претходната година;
- врши надзор над работата на стручната служба и решава за засновање и престанување на работниот однос на работниците во стручната служба;
- распишува конкурс и избира секретар на Комората;
- решава по приговори и жалби на решенија од работниот однос;
- му предлага на Собранието зачленување во соодветни сродни организации и асоцијации во земјата и странство;

- во согласност со закон ги класифицира документите и податоците што претставуваат тајна и чие соопштување би било спротивно на интересите на Комората;

- врши и други работи утврдени со овој Статут или со други акти на Комората.

Член 27

Извршниот одбор работи на седници.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Извршниот одбор.

Во отсуство на претседателот или негова спреченост, седниците ги свикува и со нив раководи со исти права и должности, член на Извршниот одбор кој за таа цел го назначува претседателот на Извршниот одбор.

Седница на Извршниот одбор задолжително се свикува на барање на најмалку шест члена на Одборот.

Член 28

Извршниот одбор може полноважно да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од неговите членови.

Извршниот одбор одлуките ги донесува со мнозинство гласови на присутните членови, со јавно гласање, а во исклучителни случаи, доколку така одлучи и со тајно гласање.

Член 29

На седницата на Извршниот одбор се води записник.

Записникот го води лице што ќе биде определено од претседателот.

Записникот од седницата го потпишуваат записничарот и претседателот, истиот се усвојува на наредната седница со мнозинство гласови од присутните членови.

Член 30

За својата работа Извршниот одбор е одговорен пред Собранието на Комората.

4.3. Претседател на Комората

Член 31

Комората има претседател.

Претседателот на Комората ја застапува и претставува Комората во правниот промет, раководи со нејзината работа и ги извршува одлуките на другите органи на Комората.

Претседателот на Комората се грижи за остварување на функциите на Комората и во тој поглед остварува соработка со други комори, органи и организации, со единиците на локалната самоуправа и со соодветни професионални и други организации во Република Северна Македонија и надвор од неа.

Одделни овластувања претседателот може да пренесе на некој од членовите на Извршниот одбор или на секретарот на Комората со посебен акт.

Член 32

Претседателот на Комората:

- раководи со работата на Комората;

- донесува одлуки, решенија и други акти во врска со раководењето на работењето на Комората, а кои не спаѓаат во надлежност на другите органи;

- ги потпишува актите донесени на седниците на Извршниот одбор;

- презема активности спроведување на актите што ги донесува Собранието, Извршниот одбор, комисиите и другите органи на Комората;

- ги потпишува документите од материјално финансиско работење на Комората;

- ги потпишува спогодбите што ги склучува Комората;

- врши и други работи утврдени со закон, Статутот и со други акти на Комората.

Член 33

Претседателот на Комората може да стави забрана на извршување на одлука донесена од органите на Комората доколку таа е спротивна на закон или истата може да предизвика материјална штета.

Член 34

За претседател на Комората може да се избере само лице кое е здравствен работник вработен во установа.

Претседателот на Комората се избира од страна на Собранието, од редот на членовите на Комората, за време од 4 години со можност за повторен избор.

Претседателот на Комората за својата работа е одговорен пред Извршниот одбор и Собранието на Комората.

Кандидатот за претседател на Комората се предлага од редот на истакнати работници во струката.

Во постапката за предлагање и избор на претседателот на Комората, членовите на Комората особено ќе ги вреднуваат определбите и заложбите на кандидатот за:

1. Афирмација на фармацевтската професија;

2. Развој и модернизација на работењето на Комората;

3. Непристрасно и рамноправно претставување на интересите на одделните сегменти на фармацевтската дејност;

4. Зајакнување на регионалната соработка;

5. Соработка со другите комори од областа на здравството;

6. Соработка со државни и други органи и организации со цел обезбедување на соодветна положба и улога на фармацевтите во Републиката;

7. Меѓународно афирмирање на Комората преку членство во европски и светски фармацевтски асоцијации;

8. Да ја познава дејноста, целите и задачите на Комората;

9. Да ја познава организацијата и функционирањето на Комората;

10. Да се грижи за зачувување, зголемување и рационално користење на имотот на Комората;

11. Да се грижи и да сноси одговорност за законитоста во работењето на Комората.

12. Да има работно искуство во фармацијата најмалку 10 години.

Член 35

Во случај на спреченост или отсуство на претседателот на Комората, него го заменува претседателот на Собранието или член на Извршниот одбор кој тој ќе го определи.

4.4. Суд на честа и обвинител

Член 36

Судот на честа одлучува за повреда на етичките и професионалните норми, повреда на одредбите на овој Статут и другите акти на Комората, неизвршување на обврските на членовите на Комората и сл.

Судот на честа при вршењето на својата функција е независен и суди врз основа на Уставот, Законот, Статутот и другите општи акти на Комората.

Член 37

Организацијата, постапката, мерките што ги изрекува и други прашања во врска со работата на Судот на честа, се уредуваат со посебен општ акт што го донесува Собранието на Комората.

Член 38

Обвинителот постапува по пријави за поведување постапка за повреда на одредби од кодексот на етички должности и права на фармацевтите.

Пријава можат да поднесат: органите на Комората, Македонското фармацевтско друштво, Министерството за здравство, здравствена установа, Фондот за здравствено осигурување и други физички и правни лица.

4.5. Надзорен одбор

Член 39

Надзорниот одбор врши надзор над:

- законитоста и правилноста на работењето на Комората;
- користењето на средствата на Комората и целокупното материјално и финансиско работење на Комората;
- извршување на обврските на членовите на Комората ;
- финансиското работење;
- сметководствените документи;
- користењето на средствата за работа на стручната служба на Комората;
- други работи определени со овој Статут и акти на Комората.

Член 40

Надзорниот одбор составува извештаи, донесува заклучоци и препораки и истите ги доставува на разгледување на Извршниот одбор и на Собранието на Комората.

За својата работа Надзорниот одбор е одговорен пред Собранието на Комората.

Член 41

Надзорниот одбор на Комората има претседател и два члена.

За член на Надзорниот одбор може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови:

- да ја познава дејноста, целите и задачите на Комората;
- да ја познава организацијата и функционирањето на Комората;

- да има работно искуство во фармацијата најмалку 5 години.

Претседателот на Надзорниот одбор го избираат членовите на Надзорниот одбор.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор изнесува најмногу 4 години и со можност за повторен избор најмногу уште еднаш.

Надзорниот одбор работи на седници, за што изготвува записник.

Своите одлуки ги донесува со јавно гласање и со мнозинството гласови од своите членови.

## 5. ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА ОРГАНИТЕ НА КОМОРАТА, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМОРАТА И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА КОМОРАТА

### 5.1. Општи одредби

Член 42

Членовите на Фармацевтската комора на Република Северна Македонија избираат членови на органите на Комората врз основа на слободно, еднакво и непосредно избирачко право со тајно гласање за четиригодишен мандатен период.

Избирачкото право го опфаќа правото на членовите на Комората: да се кандидираат, да избираат, да бидат избрани, како и да одлучуваат за мандатот на избраните членови.

Право да избира и да биде избран има секој фармацевт член на Комората, државјанин на Република Северна Македонија со место на живеалиште или престојувалиште на територијата на Републиката.

Фармацевт не може да биде избран за член на орган на Комората спротивно на неговата волја.

Член 42 - а

Органите на Комората имаат мандат од 4 години сметано од денот на верификувањето на мандатот.

Во случаи на вонредна состојба, воена состојба, виша сила и други состојби или настани кои го попречуваат редовното работење на Комората, мандатот на органите може да се продолжи уште 6 месеци еднаш или повеќе пати во зависност од траењето на причината за продолжувањето.

Одлука за продолжување на мандатот донесува Изборната комисија со мнозинство гласови.

Член 43

Изборите за членови во органите на Комората се одржуваат секоја четврта година во последните 60 дена од мандатот на органите од претходниот состав или во рок од 60 дена од денот на распуштањето на Собранието.

Мандатот на членовите трае од денот на неговото верификување до верификувањето на мандатот на новоизбраните членови.

Фармацевт избран за претставник во органите на Комората не може да биде избран или именуван за член во друг орган на Комората освен во работните тела на Комората.

Член 43 – а

На член на орган на Комората може да му престане мандатот и пред времето за кое е избран во следните случаи:

- ако поднесе оставка;
- ако е осуден за кривично дело кое го прави недостоен за вршење на оваа функција;
- со своето работење и нанесе материјална или морална штета на Комората;
- неоправдано отсуствува на три едноподруго одржани седници на органот каде што членува.
- со губење на деловната способност и
- во случај на смрт.

Мандатот престанува на денот на настапување на случајот од предходниот став на овој член.

Престанокот на мандатот го констатира Собранието на првата наредна седница по приемот на известувањето за причината за престанок на мандатот.

Член на орган на Комората, кому предвреме му престанал мандатот, се заменува со друг член на начин и постапка утврдена во овој Статут.

Член 43 - б

Иницијатива за предвремено престанување на мандатот на член на орган на Комората може да покренат членовите на органот со мнозинство гласови.

Иницијатива за отповикување на мандатот на член на Собранието може да поднесе членството од соодветната територијалната единица со мнозинство гласови.

Предлог за престанување на мандатот поднесува претседателот на органот.

Одлуката по предлогот од став 2 на овој член се донесува со мнозинство гласови.

Член 44

Изборите ги распишува со одлука претседателот на Собранието најдоцна 60 дена пред да истече мандатот на постојното Собрание.

Изборите се одржуваат најдоцна 15 дена пред истекот на мандатот на постојното Собрание.

Со одлуката за распишување на изборите, претседателот на Собранието ја формира изборната комисија и го определува датумот на започнувањето и завршувањето на изборната постапка.

Примерок од одлуката се доставува до претседателот и членовите на Изборната комисија.

5.2. Органи за спроведување на изборите

Член 45

Органи за спроведување на изборите се изборната комисија и избирачките одбори.

Изборните органи имаат мандат од 4 години и за својата работа одговараат пред органот кој ги именувал.

Во случаите од член 42 – а став 2 на овој статут мандатот на изборните органи се продолжува и трае до истекот на мандатот на органите на комората.

Член 46

Изборната комисија е составена од претседател и 4 члена .

Изборната комисија:

- се грижи за подготвување и спроведување на изборите во согласност со одредбите на Статутот на Комората;
- ги именува избирачките одбори и ја усогласува нивната работа;
- дава упатства, појаснувања и препораки за правилно спроведување на изборите;
- одредува рокови за изборните дејствија;
- врши надзор на работата на избирачките одбори;
- ги организира техничките подготовки за спроведување на изборите;
- го утврдува вкупниот број на членови на територијалната единица врз основа на регистрираните фармацевти во службената евиденција на Комората, заклучно со денот на донесувањето на одлуката за распишување на изборите;
- ги одредува гласачките места;

- го утврдува бројот на гласачките ливчиња за поединечни гласачки места, ги заверува и заедно со заверен извод од избирачкиот список со записник ги предава на избирачкиот одбор;

- изготвува кандидациони ливчиња и изборни листи;

- одлучува по приговори врз основа на увид во изборниот материјал;

- презема мерки во случај на повреда на постапката на кандидирање, спроведување и утврдување на резултатите од изборите;

- ги разрешува членовите на избирачките одбори во случај на нивно постапување спротивно од одредбите за спроведување на изборната постапка;

- ги сумира, утврдува и објавува резултатите од гласањето;

- утврдува предлог – листа на кандидати за членови на Собранието и другите органи на Комората;

- издава потврди за извршениот избор;

- составува записник за својата работа;

- поднесува извештај на Собранието за резултатите од изборите и

- врши други работи во согласност со овој Статут.

Член 47

Избирачкиот одбор го сочинуваат претседател и два члена.

Избирачки одбор се именува за секое избирачко место, најдоцна 15 дена пред денот определен за одржување на изборите.

Избирачкиот одбор:

- непосредно го спроведува гласањето на избирачкото место;

- ги сумира и утврдува резултатите од гласањето на избирачкото место;

- составува предлог-листа за членови во Собранието, Извршниот одбор, Надзорниот одбор, Судот на честа, обвинител и

- составува записник за својата работа.

5.3. Изборен материјал

Член 48

Изборни материјали се гласачко ливче, гласачка кутија, извод од избирачки список и записник.

Изборниот материјал се доставува до избирачките одбори најдоцна три дена пред денот на одржување на изборите.

Член 49

Гласачкото ливче содржи: ознака на територијалната единица, реден број, упатство дека се гласа со заокружување на редниот број пред името и презимето на кандидатот.

Бројот на гласачките ливчиња мора да биде ист со бројот на избирачите запишани во избирачкиот список.

Бројот на резервните гласачки ливчиња не може да биде поголем од 3% од вкупниот број на избирачи во територијалната единица.

Гласачкото ливче се заверува со печат од Комората.

Член 50

Гласачката кутија е изработена од проѕирен материјал.

Член 51

Избирачкиот список го сочинуваат сите фармацевти евидентирани во Регистарот на Комората до денот на донесувањето на одлуката за распишување на изборите.

Во изводот од избирачкиот список се наведуваат сите фармацевти од избирачкиот список со место на живеалиште/престојувалиште во изборните единици.

Записникот го пополнува избирачкиот одбор на пропишан образец во кој се наведува вкупниот број на гласачи според изводот од избирачкиот список, бројот на гласачите кои гласале, бројот на гласачите кои не гласале, вкупниот број на гласачки ливчиња, бројот на важечки, неважечки и неупотребени гласачки ливчиња, резултатите од гласањето и други податоци релевантни за спроведувањето на изборите.

5.4. Избор на членови на Собранието и на Извршниот одбор на Комората:

Член 52

Членовите на Собранието се избираат од членовите на Комората по територијални единици во согласност со член 9 од овој Статут, кои истовремено претставуваат изборни единици.

Од територијалните единици од 1 до 7 се избираат по 5 претставници, а од територијалната единица 8 се избираат 15 претставници во Собранието,

Членовите на Извршниот одбор на Комората се избираат од членовите на Комората по територијални единици, така што територијалните единица од 1 до 7 имаат

по еден претставник во Извршниот одбор, а територијалната единица 8 има тројца претставници во Извршниот одбор.

Член 53

Кандидирањето за член на Собранието и на Извршниот одбор на Комората е врши според територијалната единица на која кандидатот има живеалиште.

Кандидатите се пријавуваат со пополнување на кандидационо ливче во рокот предвиден за доставување на кандидационите ливчиња.

На образецот на кандидационото ливче се наведуваат податоци за кандидадот, за што се кандидира и од која изборна единица.

Ако со закон или со Статутот на Комората за одредени органи е пропишано дека членовите треба да исполнуваат определени услови, кон кандидационото ливче се приложуваат потребните докази за исполнување на условите.

Кандидационото ливче се доставува до Комората е-маил на Комората, со непосредно предавање во архивата на Комората или со препорачана пошта на адреса на Комората со назнака за Изборната комисија.

Образецот на кандидационото ливче се презема од веб-страницата на Комората.

Член 54

По истекот на рокот за пријавување, Изборната комисија врз основа на пристигнатите кандидациони ливчиња составува изборни листи и гласачки ливчиња за кандидати за секоја територијална единица и заедно со другиот изборен материјал ги доставува до избирачките одбори.

Член 55

За времето, местото и денот на одржувањето на изборите, членството се известува по електронски пат и со известување на веб-страницата на Комората.

Гласањето се врши на избирачките места.

Избирачките места се отвораат и затвораат во време кое ќе го утврди Изборната комисија во согласност со одлуката за почеток и завршување на гласањето.

Гласачкото место може да се затвори и порано ако гласале сите гласачи од изводот од избирачкиот список.

Додека е отворено избирачкото место и трае гласањето, на избирачкото место мора да бидат присутни членовите на избирачкиот одбор.

Не е дозволено  на избирачкото место да се задржуваат лица кои немаат права и должности во врска со спроведувањето на изборите.

Избирачките места и бројот на избирачите кои ќе гласаат на секое избирачко место го одредува Изборната комисија најдоцна 15 дена пред одржување на гласањето.

Член 56

Избирачот гласа на избирачкото место на кое е запишан во изводот од избирачкиот список.

Членовите на избирачкиот одбор го утврдуваат идентитетот на избирачот и му предаваат гласачко ливче. Преземањето на гласачкото ливче избирачот го потврдува со свој потпис на изводот од избирачкиот список.

Член 57

Гласањето е тајно.

Избирачот гласа во просторија која е наменета за тоа, така што никој не може да види како гласал.

Доколку избирачот ја повреди тајноста на гласањето, избирачкиот одбор е должен гласачкото ливче да го направи неважечко така што ќе го прецрта.

Секој избирач гласа лично.

Се гласа на заверено гласачко ливче со заокружување на редниот број пред името и презимето на кандидатите.

Се гласа за онолку кандидати колку што треба да се изберат членови од соодветната територијална единица.

Доколку на гласачкото ливче се заокружени помалку кандидати од бројот што се избира од соодветната изборна единица, гласачкото ливче се смета за важечко.

Пополнетото гласачкото ливче  се преклопува така за да не може да се види како е гласано и се става во гласачката кутија.

Член 58

По завршувањето на гласањето избирачкиот одбор пристапува кон утврдување на резултатите од изборите на гласачкото место.

Избирачкиот одбор го утврдува бројот на неупотребените гласачки ливчиња и ги става во посебен плик.

Според избирачкиот список, избирачкиот одбор го утврдува вкупниот број на гласачи кои гласале.

Кога ќе се отвори гласачката кутија се врши пребројување на дадените гласови по кандидати при што се утврдува колку гласови добил секој кандидат.

Неважечките гласачки ливчиња се издвојуваат и се ставаат во посебен плик.

Неважечко гласачко ливче е непополнето гласачко ливче и гласачко ливче од кое не може да се утврди за кого е гласано.

Ако се утврди дека бројот на гласачките ливчиња е поголем од бројот на избирачите кои гласале, избирачкиот одбор се распушта и се именува нов, а гласањето на тоа избирачко место се повторува.

Член 59

Во записникот за работата на избирачкиот одбор се внесуваат следните податоци:

- Број на примени, неупотребени, употребени, неважечки и важечки гласачки ливчиња,
- Број на гласови дадени за секој кандидат на изборната листа,
- Број на избирачите според изводот од избирачкиот список,
- Број на избирачи кои гласале,
- Забелешки и мислења на членовите на избирачкиот одбор,
- Други податоци од значење за гласањето.

Записникот го потпишуваат членовите на избирачкиот одбор.

Член 60

По утврдување на резултатите од гласањето, избирачкиот одбор без одлагање, целиот изборен материјал во запечатен плик, во рок од 24 часа од затворањето на изборното место, го доставува до Изборната комисија со препорачана пошта или со непосредно предавање во Комората.

Изборната комисија ги утврдува резултатите од гласањето најдоцна во рок од 3 дена од доставувањето на изборните материјали“.

Изборната комисија составува ранг листа на кандидати според бројот на добиените гласови.

За избрани членови на Собранието се сметаат кандидатите од ранг-листата според бројот на освоените гласови од реден број 1, заклучно со реден број 5, а од територијална единица број 8 од реден број 1, заклучно со реден број 15.

Избран член на Извршниот одбор од територијалните единици од 1 до 7 е кандидатот под реден број 1 на утврдената ранг-листа од таа територијална единица.

Избрани членови на Извршниот одбор од територијална единица 8 се кандидатите под редени броеви 1, 2 и 3 од утврдената ранг-листа за територијалната единица 8.

На избраниот член на Собранието и на Извршниот одбор, Изборната комисија му го верификува мандатот и му издава во писмена форма потврда за верификуваниот мандат за член на Собранието односно на Извршниот одбор.

Член 61

Ако на член на Собранието или на Извршниот одбор му престане мандатот пред истекот на времето за кое е избран, мандат добива кандидатот од ранг-листата кој според конечните резултати од изборите следува со најголем број освоени гласови .

Од кандидатот од став 1 на овој член се прибавува писмена согласност дека го прифаќа мандатот.

Мандатот на новиот член трае до истекот на на мандатот на Собранието или Извршниот одбор.

5.5. Избор на членови на Надзорен одбор, Суд на честа и обвинител

Член 62

Кандидирањето за член на Надзорен одбор, Суд на честа и Обвинител се врши независно од  територијалната единица каде што кандидатот има живеалиште.

Одредбите за кандидирање, избор, мандат и престанок на мандат и пополнување на испразнети места на кандидати за членови на Собранието и Извршниот одбор соодветно се применуваат и за кандидирање и избор на членови на Надзорен одбор, Суд на честа и обвинител на Комората.

5.6. Избор за Претседател на комората и Претседател на Собранието на Комората

Член 63

Изборите за претседател на Комората ги распишува со одлука претседателот на Собранието на Комората 60 дена пред истекот на мандатот на постојниот претседател или во рок од 30 дена од престанокот на мандатот во случаите од член 43, став 3, од овој статут.

Во одлуката за распишување на изборите се наведуваат роковите за спроведување на изборните дејствија.

Изборот на претседател на комората се врши на конститутивна седница на Собранието во нов состав со тајно гласање.

Кандидирањето за Претседател на Комората се врши независно од територијалната единица на која кандидатот има живеалиште.

Кон кандидационото ливче се приложуваат докази за исполнување на условите утврдени со закон и со овој статут.

Кандидатурите со доказите се доставуваат до Комората непосредно или со препорачана пратка со назнака за Изборната комисија.

Член 64

Изборната комисија врши увид во поднесените кандидатури и утврдува дали кандидатот ги исполнува пропишаните услови.

По извршениот увид Изборната комисија составува изборна листа и гласачко ливче во кое се наведуваат кандидатите по азбучен ред.

Пред гласањето секој кандидат по азбучен ред е должен на седницата на Собранието да ја претстават својата програма за работа во максимално траење од 15 минути.

Член 65

Членовите на Собранието гласаат тајно со заокружување на редниот број пред името и презимето на кандидатот.

За Претседател на Комората е избран кандидатот кој добил најмногу гласови од присутниот број членови на Собранието.

Доколку во првиот круг на гласање ниту еден кандидат не го добие потребното мнозинство, во вториот круг се гласа за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови.

Член 66

На изборот за претседател на Собранието се применуваат истите одредби како за избор на претседател на Собранието, освен што кандидатот за претседател на Собранието не поднесува програма за работа на Комората.

Ако на претседателот на Комората или претседателот на Собранието на Комората му престане мандатот пред истекот на времето за кое е избран, се спроведува изборна постапка во согласност со одредбите од овој Статут.

Мандатот на новоизбраниот претседател трае до истекот на на мандатот на Собранието на Комората во постојниот состав.

5.7. Повторување на гласањето

Член 67

Гласањето се повторува ако Изборната комисја ги поништи изборите на поединечни избирачки места.

Во случаите од претходниот став на овој член, гласањето се повторува на тоа избирачко место на начин и постапка утврдени во овој Статут.

Во случај на повторување на гласањето, конечните резултати на изборите се утврдуваат по завршувањето на повтореното гласање.

Гласањето се повторува во рок од седум дена од денот на поништувањето.

За спроведување на повторените избори, изборните листи не се менуваат.

5.8. Заштита на избирачкото право

Член 68

Органите кои се надлежни за спроведување на изборите се должни во текот на изборната постапка да обезбедат заштита на избирачкото право.

Секој учесник во изборната постапка има право да поднесе приговор за повреда на избирачкото право до Изборната комисија во рок од два дена од денот на повредата.

Изборната комисија донесува решение во рок од 24 часа од приемот на приговорот и го доставува до подносителот на приговорот.

Ако изборната комисија го усвои приговорот, ќе го поништи дејствието со кое е сторена повреда на избирачкото право.

5.9. Конститутивна седница на Собранието во нов состав

Член 69

Во рок од 10 дена пред истекот на мандатот на постојното Собрание, Претседателот на Собранието свикува конститутивна седница на Собранието во нов состав со следниот дневен ред:

- Усвојување на извештај на Изборната комисија за спроведените избори
- Верификација на мандатот на членовите на Собранието
- Избор на членови на Извршен одбор, Надзорен одбор, Суд на честа и обвинител, избор на претседател на Собранието на Комората и претседател на Комората.

## 6. РАБОТНИ ТЕЛА НА КОМОРАТА

Член 70

Како работни тела на Комората се формираат постојани или повремени комисии, одбори или други работни тела.

Работните тела се формираат со одлука на Собранието или Управниот одбор.

Претседателите и членовите на работните тела се именуваат од редот на членовите на Комората, без оглед дали се членови и на органите на Комората.

По потреба, за членови на работните тела можат да се именуваат и стручни лица од други професии.

Со одлуката за нивното формирање се определува составот, целите, задачите и овластувањата на работните тела.

Член 71

Комората ги има следните постојани работни тела:

-Комисија за професионално-стручни прашања ;

-Комисија за етички и правни прашања;

-Одбор за издавачка дејност;

Работните тела на Комората се независни во работата, а за својата работа се одговорни пред органот кој ги формирал.

За да може да работи, на седницата треба да присуствуваат мнозинство членови на работното тело.

Работнито тело донесува одлуки, ставови, препораки, заклучоци со мнозинство гласови од присутните членови.

Седниците на работните тела ги свикува и со нив раководи нивниот претседателот.

Член 72

На седниците на работните тела на Комората можат да бидат повикани и да учествуваат во нивната работа без право на одлучување претставници на заинтересирани органи и организации, како и други стручни, научни и јавни работници.

Член 73

Член на работното тело кој три пати едноподруго неоправдано отсуствува од седниците на работното тело, може да биде сменет на предлог на претседателот на работното тело.

Член 74

За својата работа работните тела му доставуваат извештај на Собранието и на Извршниот одбор на Комората, најмалку еднаш годишно.

Член 75

Комисијата за професионални-стручни прашања со своите мислења и ставови учествува во подготвувањето на здравственото законодавство, предлага и организира стручни предавања и ја поттикнува континуираната едукација на членовите на Комората заедно со Македонското фармацевтско друштво; учествува во утврдувањето на стручни ставови за вршење на професионалната практика, соработува со Македонското фармацевтско друштво, фармацевтските факултеи и со други комори и здруженија во земјата и странство, и врши и други работи од интерес на Комората .

Комисијата ја сочинуваат претседател и 4 (четири) члена.

Член 76

Комисијата за етички и правни прашања се грижи фармацевтите да ја вршат својата работа согласно со професионалните и етичките норми; на членовите на Комората им дава правна помош; дава мислење за престанувањето на членство во Комората во случаите од овој Статут; учествува со свое мислење ви споровите за повреда на професионалните и етичките норми; и врши и други работи кои ќе и бидат доверени.

Комисијата ја сочинуваат претседател и 4 (четири) члена.

Член 77

Одборот за издавачка дејност се грижи: за издавање на стручна литература (билтени, списанија и сл.), кој ги уредува и публикува; врши публикување на научни и стручни истражувања и сознанија од домашно и странско потекло; врши и други работи за навремено информирање на членовите на Комората за актуелните состојби во фармацијата.

Одборот за издавачка дејност го сочинуваат претседател и 4 (четири) члена.

Одборот избира и главен уредник од редот на своите членови за вршење на стручни, административни и технички работи и се грижи, заедно со претседателот, за организацијата на работата на одборот.

7. СТРУЧНА СЛУЖБА НА КОМОРАТА

Член 78

Стручните, административно-техничките, помошните и другите работи за потребите на Комората ги врши стручната служба на Комората.

Стручната служба врши работи сврзани со спроведувањето на Статутот, одлуките, заклучоците и другите акти што ги донесуваат органите и телата на Комората, примената на законите други акти кои се однесуваат на работењето на Комората и остварувањето на нејзините цели и задачи; стручно подготвување на сите предлози на акти, информации други материјали што треба да бидат предмет на расправа пред органите на Комората и врши и други работи во врска со основната дејност на Комората.

Член 79

Бројот на вработените во стручната служба и нивните задачи се утврдуваат од страна на Извршниот одбор со посебен акт-Правилник за организација и систематизација на работните задачи.

Платата и другите права на вработените во стручната служба на Комората се утврдува со посебен Правилник за определување на висината на платите на вработените во стручната служба.

Член 80

Комората има секретар.

Секретарот се избира од страна на Извршниот одбор на предлог на претседателот на Комората со мнозинство гласови од присутните членови.

Секретарот ја организира и раководи работата на стручната служба, му помага на претседателот на Комората, учествува во подготвувањето на седниците на Собранието, на Извршниот одбор и на другите органи на Комората; ги изготвува одлуките, заклучоците и другите акти на органите на Комората, и врши други работи во согласност со Статутот, законите и другите прописи.

8. АКТИ НА КОМОРАТА

Член 81

Акти на Комората се:

- Статут;

- Кодекс на професионални етички должности и права на фармацевтите на Македонија;

- Правилник за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценца за работа, формата и содржината на образецот на лиценцата за работа,

- Правилник за формата и содржината на регистарот на издадени, продолжени, обновени и одземени лиценци за работа;

- Правилник за водење на Регистар на фармацевтите;

- Правилник за работа на Судот на честа;

- Правилник за составот на испитната комисија, начинот на полагање на испитот, начинот на проверката на стекнатите знаења и вештини образецот на уверението за положен стручен испит;

- Правилник за поблиските критериуми што треба да ги исполнуваат едукаторите за спроведување на пробната работа во однос на образованието и работното искуство;

- Правилник за програмата за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование, составот на испитната комисија и начинот на спроведување на проверката,

- Правилник за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на стручно усовршување и бодовите за истите,

- Годишен план за стручен надзор на здравствените установи и здравствените работници,

- Правилник за организација и систематизација на работните задачи на вработените во стручната служба;

- Правилник за определување на висината на платите на вработените во стручната служба;

- Деловници за работа на органите, работните тела и, комисиите на Комората,

- Други акти што ги носи Собранието и другите органи на Комората врз основа на закон.

Член 82

Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот можат да дадат најмалку една третина од членовите на Собранието, Извршниот одбор или ако тоа е неопходно со закон.

Утврден предлог за измена и дополнување на Статутот поднесува Извршниот одбор.

Предлогот се става на дневен ред на Собранието на Комората.

## 9. СРЕДСТВА НА КОМОРАТА

Член 83

Комората може да стекнува парични средства, хартии од вредност и друг подвижен и недвижен имот, во согласност со законските прописи.

Финансиските средства за работа на Комората се обезбедуваат од:

- членарина,
- услугите кои ги врши Комората,
- донации,
- спроведување на пробна работа,
- полагање стручен испит и добивање уверение за положен стручен испит;
- издавање членска карта,
- издавање, продолжување и обновување на лиценцата за работа;
- упис во Регистарот на фармацевти што го води Комората;
- податоци од Регистарот на фармацевти;
- подароци;
- други извори.

Висината на членарината ја одредува Собранието на Комората на предлог на членовите.

Средствата што ги остварува Комората по основ на членарина се користат за непречено извршување на дејностите, целите и задачите на Комората наведени во членовите 6 и 7 на овој Статут.

Висината на другите средства за работа на Комората ги одредува Извршниот одбор на Комората.

Член 84

За извршување на одредени задачи од фармацевтската дејност, како и за остварување на целите и задачите на Комората утврдени во овој Статут, заинтересираните членови можат да формираат асоцијации, работни групи и други форми на здружување.

За финансирање на активностите од став 1 на овој член, заинтересираните членови можат да здружуваат и дополнителни средства и да основаат фондови со посебна намена.

Располагањето со овие средства се врши во согласност со акт на Комората.

## 10. ЈАВНОСТ НА РАБОТАТА НА КОМОРАТА

Член 85

Работата на Комората е јавна.

Јавноста во работењето Комората ја обезбедува со давање информации, со соработка со средствата за јавно информирање, со издавање на свое гласило и на друг начин.

По потрба Комората издава периодичен билтен, прегледи и други средства за известување, преку кои навреме ги информира своите членови и јавноста за своите активности.

Член 86

Лицето кое е овластено за претставување на Комората или друго овластено лице за давање информации за јавноста, е одговорно за нивната вистинитост.

## 11. СОРАБОТКА НА КОМОРАТА

Член 87

Комората соработува со други комори, институции, државни органи, со меѓународни организации и здруженија од областа на здравството.

Соработката се остварува со непосредни контакти, со размена на информации, публикациии, преку организирање на конгреси, семинари, советувања и сл.

Член 88

Комората соработува со органите на Република Северна Македонија, а особено при утврдувањето на развојната здравствена политика, при покренувањето на иницијативи за донесување на закони и други прописи. Исто така соработува со здравствени организации, научни установи, здруженија на граѓани и дуги институции од областа на здравствената заштита.

Член 89

Комората, со одлука на Собранието, а по претходен предлог на Извршниот одбор, може да се зачленува во соодветни меѓународни организации.

## 12. ПРЕСТАНОК НА КОМОРАТА

Член 90

Комората може да престане со работа:

- со одлука на Собранието на Комората, донесена со двотретинско мнозинство од вкупниот број на неговите членови и

- врз основа на закон.

## 13. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 91

Право на толкување на овој статут има Собранието на Комората, а помеѓу две седници на Собранието ова право го има Извршниот одбор.

Член 92

Со влегувањето во сила на овој статут, престанува да важи статутот на Фармацевтската комора на Македонија ( Службен Весник на РМ.бр.65/12, 79/16).

Член 93

Овој Статут влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Северна Македонија.

Фармацевтска комора на

Република Северна Македонија

Претседател на Собранието на Комората

___________________________________

Дипл. фармацевт Имер Имери